**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 ноември 2017 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во третиот квартал од 2017 година

Во третиот квартал од 2017 година во тековните трансакции со нерезидентите е остварен суфицит од 174,9 милиони евра. Во финансиската сметка бележиме нето-одливи кај сите позначајни ставки, со исклучок на трговските кредити. Како резултат на ваквите трансакции, девизните резерви се намалија за 100,6 милиони евра на квартална основа.

### Основни компоненти на платниот биланс на Република Македонија

(во милиони евра)

| | тековна година | | | | претходна година | | квартална промена | | годишна промена | | збирна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | Кв.1-Кв.3 2017 | Кв.3 2016 | Кв.1-Кв.3 2016 | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **-140.1** | **-95.5** | **174.9** | **-60.7** | **108.1** | **-149.5** | **270.4** | ...* | **66.9** | 61.8 | **88.8** | -59.4 |
| Стоки | -462.6 | -418.4 | -412.0 | -1,293.0 | -414.6 | -1,326.9 | 6.4 | -1.5 | 2.6 | -0.6 | 33.9 | -2.6 |
| Услуги | 102.0 | 46.0 | 182.9 | 330.9 | 131.8 | 309.7 | 136.9 | ...* | 51.1 | 38.8 | 21.2 | 6.9 |
| Примарен доход | -103.1 | -105.9 | -105.1 | -314.1 | -95.5 | -286.9 | 0.8 | -0.7 | -9.6 | 10.1 | -27.2 | 9.5 |
| Секундарен доход | 323.6 | 382.8 | 509.2 | 1,215.5 | 486.4 | 1,154.6 | 126.4 | 33.0 | 22.8 | 4.7 | 60.9 | 5.3 |
| **Капитална сметка** | **1.1** | **2.3** | **0.0** | **3.5** | **5.2** | **10.5** | **-2.3** | | **-5.2** | | **-7.0** | |
| **Финансиска сметка** | **-132.2** | **-108.7** | **169.2** | **-71.7** | **103.1** | **-164.0** | **277.9** | | **66.1** | | **92.3** | |
| Директни инвестиции | -111.6 | 10.8 | 50.2 | -50.6 | -20.1 | -190.8 | 39.3 | | 70.3 | | 140.2 | |
| Портфолио инвестиции | -20.3 | 5.9 | 39.6 | 25.2 | -432.4 | -431.7 | 33.6 | | 471.9 | | 457.0 | |
| Валути и депозити | 34.5 | 19.8 | 158.2 | 212.5 | 46.4 | 152.4 | 138.4 | | 111.8 | | 60.0 | |
| Заеми | 28.5 | -25.0 | 43.6 | 47.1 | -37.4 | -125.8 | 68.6 | | 81.0 | | 173.0 | |
| Трговски кредити | 3.1 | -58.6 | -21.8 | -77.2 | -11.5 | -6.8 | 36.8 | | -10.3 | | -70.4 | |
| Девизни резерви | -66.5 | -61.3 | -100.6 | -228.4 | 558.9 | 439.5 | -39.3 | | -659.4 | | -667.8 | |

* процентуалната промена е над 100.

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства.

Извор: НБРМ.

## *Тековна сметка*

Од аспект на движењата остварени кај одделните компоненти на тековната сметка, во третиот квартал годинава суфицитите остварени кај секундарниот доход и размената на услуги (509,2 и 182,9 милиони евра, соодветно) ги надминуваат дефицитите остварени во стоковната размена (412 милиони евра) и кај примарниот доход (105,1 милион евра).

Наспроти остварениот дефицит во тековната сметка во вториот квартал од годинава (95,5 милиони евра), во третиот квартал е евидентирано позитивно салдо од 174,9 милиони евра, односно нагорна квартална промена од 270,4 милиони евра. Главен двигател на ваквите промени пред сè се повисоките нето-приливи од размената на услуги и кај секундарниот доход (за 136,9 и 126,4 милиони евра, соодветно), при помал придонес и на намалувањето

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

на дефицитот од стоковната размена (за 6,4 милиони евра) и речиси непроменето салдо кај примарниот доход.

Во периодот јануари - септември 2017 година, збирниот дефицит на тековната сметка е понизок од минатогодишниот (за периодот јануари - септември) за 88,8 милиони евра, што главно се објаснува со повисоките нето-приливи кај секундарниот доход и размената на услуги (за 60,9 и 21,2 милиона евра), како и намалениот дефицит од размената на стоки (33,9 милиони евра). Зголемувањето на дефицитот кај примарниот доход (за 27,2 милиона евра) делуваше во спротивна насока.







Извор: НБРМ.

## ***Финансиска сметка***

Кај финансиските трансакции со нерезиденти, во третиот квартал од 2017 година се остварени нето-одливи од 169,2 милиона евра. Позначајни нето-одливи бележиме кај валутите и депозитите (158,2 милиона евра), а потоа и кај директните инвестиции (50,2 милиона евра), заемите (43,6 милиони евра) и портфолио-инвестициите (39,6 милиони евра), при нето-приливи единствено кај трговските кредити (21,8 милиони евра). Девизните резерви се намалени за 100,6 милиони евра.

На нето-основа, кај директните инвестиции, во третиот квартал од 2017 година бележиме нето-одливи од 50,2 милиона евра, главно врз основа на меѓукомпанискиот долг (59,1 милион евра), кои само делумно се неутрализирани со нето-приливите од реинвестирањето на добивката (11,4 милиони евра), во услови на исплати на дивиденди кон странските инвеститори. Од почетокот на годината заклучно со септември, се остварени нето-приливи врз основа на директни инвестиции во износ од 50,6 милиони евра, што е помалку за 140,2

милиона евра (73,5%) во однос на истиот период од минатата година. Намалувањето е последица на пониски нето-приливи врз основа на меѓукомпанискиот долг (69,2 милиона евра), сопственички капитал (34,8 милиони евра) и реинвестирање на добивката (36,2 милиона евра, во услови на значајно повисок износ на исплатени дивиденди).

Кај обврските врз основа на директни инвестиции[2] во третиот квартал од 2017 година бележиме намалување од 1,7 милиони евра, при што нето-одливите врз основа на меѓукомпанискиот долг (10,9 милион евра) и сопственичкиот капитал (5,3 милиони евра) само делумно беа компензирани со приливите врз основа на реинвестирање на добивката (14,4 милиони евра). Збирно, обврските врз основа на директните инвестиции се зголемија за 271,6 милиони евра, што претставува намалување за 140,4 милиони евра (или 34,1%) во однос на истиот период минатата година.

Во разгледуваниот квартал, средствата врз основа на директни инвестиции се зголемени за 48,5 милиони евра, главно како резултат на нето-растот на побарувањата врз основа на должнички инструменти. За периодот јануари - септември 2017 година, средствата се зголемени за 221 милион евра, скоро идентично на нивото од истиот период претходната година.

Во третиот квартал од 2017 година, нето-одливите врз основа на заеми од 43,6 милиони евра во најголем дел произлегуваат од нето-одливите кај секторот „држава" во износ од 70,2 милиона евра (повисок износ на нето-отплати на долг кон странски кредитори) и кај секторот „депозитни институции" во износ од 10 милиони евра, наспроти нето-приливите кај централната банка[3] (26,5 милиони евра) и останатите сектори[4] (10 милиони евра).







Извор: НБРМ.

[2] Се прикажуваат директни инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или побарување (средства) од странство.

[3] Активности на Народната банка поврзани со управување со девизните резерви.

[4] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

Во првите три квартали од годинава, нето-приливите од трговските кредити и директните инвестиции (77,2 и 50,6 милиони евра, соодветно), како и намалувањето на девизните резерви (228,4 милиони евра), овозможија финансирање на дефицитот на тековната сметка (60,7 милиони евра) и нето-одливите врз основа на валутите и депозитите, заемите и портфолио-инвестициите (во вкупен износ од 284,9 милиони евра).

## ***Ревизии на податоците***

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовна ревизија на податоците за периодот јануари – јуни 2017 година во насока на подобрување на нивниот квалитет. Притоа, во тековната сметка ревизијата на податоците главно делуваше во насока на намалување на дефицитот од стоковната размена (за 20 милиони евра) и намалување на суфицитот кај размената на услуги (за 37 милиони евра), пред сè како резултат на подобрениот опфат на податоците за надворешнотрговската размена. Овие ревизии беа причина за зголемување на дефицитот на тековната сметка за 17,3 милиони евра.

Кај финансиската сметка главно бележиме ревизија во насока на намалување на средствата врз основа на директни инвестиции за 1,8 милиони евра и зголемување на обврските од директни инвестиции за 2,2 милиона евра, како и нагорна корекција кај нето-обврските врз основа на трговски кредити за 5,4 милиони евра.

Подобрениот опфат на податоците доведе до намалување на грешките и пропустите за периодот јануари – јуни 2017 година за 7,1 милион евра.

## ***Придружни информации***

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс
http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален платен биланс: 28 февруари 2018 (референтен период, заклучно со декември 2017 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).